**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2332/**

# З А П И С Н И К

**Од 217.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 26.04.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димевска -Раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ.

**217.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 14.00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 216.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2023-31.03.2023 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 216.Седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 216.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Гајур Рамадани имаше забелешка по точка три од записникот и истата беше прифатена од членовите на советот.
По расправата записникот од 216.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање заедно со забелешката.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 216.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2023-31.03.2023 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска, раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ, со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2023-31.03.2023 година.
Вики пред присутните меѓудругото објасни дека за реализација на програмските содржини во првото тримесечје од 2023 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 251.935.324 денари и расходи во износ од 247.626.532 денари при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 4.308.792 денари.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.01.2023-31.03.2023 година без забелешки.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање околу трошоците за набавка на сателитски сегмент односно дали ќе се продолжи со емитувањето на програма преку сателит?
Виолета одговори дека завршува договорот за сателит сега во април месец, и засега нема планирано средства за нов договор.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац посочи дека треба да се информира менаџментот на МРТ и уредништвото, за да размисли како да се продолжи со емитување преку сателит на програмата на МТВ.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2023-31.03.2023 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2023-31.03.2023 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2023-31.03.2023 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан Програмски интерес пристигнат до Програмскиот совет по пошта:
-Одлука за откуп на програма со бр.02-1306/3 од 20.04.2023 година.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија побара Информација од менаџментот на МРТ за две прашања:
-за месец март и април колку лица се ангажирани со авторски договор (посебно за секој канал),

-колку унапредувања се направени по пат на „мобилност“ од новинар 2 во новинар 1 (посебно за секој канал)?

По однос на оваа точка беше отворена и расправа по однос на учеството на членовите на седниците на Програмскиот совет на МРТ,и по истото едногласно беше предложен **Заклучок:**
-Програмскиот совет на МРТ го задолжува Одделението за правни работи во МРТ да изготви и достави мислење за дилемата за начинот на одржување на седниците на Програмскиот совет на МРТ, а кои се однесува на допрецизирање и толкување терминот присутност на седница утврден во законот за ААВМУ , во Деловникот за работа на ПС на МРТ и во Статутот на МРТ и дали може со измени и дополнување на Деловниокот за работа на ПС да се допрецизира и појасно да се регулира начинот и постапката на одржувањето на седниците на Програмскиот совет.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател